[redacted]

[redacted]

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА ВАЛАНДОВО

| Примено: 27.02.2020 | | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
| 10 | 242/1 | | |

До
Општина Валандово
Ул. "Иво Лола Рибар" бб

2460 Валандово

Предмет: Барање за пристап до информации од јавен карактер [redacted]

Почитувани,

[redacted] спроведува базично истражување за собирање/ ажурирање на податоците за постоечки сервиси за реинтеграција и рехабилитација на жени жртви на насилство и семејно насилство, обезбедени на локално ниво.

За оваа цел ни се потребни определени информации од јавен карактер, а кои согласно член 4 и член 12 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер ("Службен весник на Република Македонија бр. 13/06, 86/08, 6/10, 42/14, 148/15 и 55/16), вие треба да ни ги обезбедите.

Врз основа на ова, бараме одговор на долунаведените прашања како информации од јавен карактер.

1. Дали општината изработила и усвоила Програма за социјална заштита за 2019 година?

   - Доколку да, ве молиме испратете ни примерок од Програмата за 2019 година;

   - Дали е предвидена посебна парична помош или помош во натура за жртви на семејно насилство за 2019г.?

2. Дали општината изработила и усвоила други програми, правилници, стратегии и/или одлуки за помош и поддршка на жртви на семејно насилство во 2019г.?

   - Доколку да, ве молиме испратете ни примерок од соодветниот документ за 2019 година;

[redacted]

3. Дали општината воспоставила специјализиран сервис (шелтер центар, кризен центар, советувалиште за психосоцијална помош или бесплатна правна помош) за жени жртви на насилство и семејно насилство во 2019г. финансиран од буџет на општината?
   - Доколку одговорот е да, каков сервис е воспоставен, кога е воспоставен и со каков буџет располага?
   - Дали сервисот е воспоставен во соработка со граѓанска организација?
   - Доколку одговорот е да со која граѓанска организација е воспоставен сервисот?
4. Каков вид на дополнителна поддршка е дадена од општината во насока на спречување и заштита од семејно насилство за 2019 година? (дополнителна поддршка од аспект на кампањи за превенција од семејно насилство, обуки, тренинзи и едукации, можности за вработување на жртви на семејно насилство).
   - Доколку да, набројте кои?

Ве молиме бараните податоци доставете ни ги поштенски во седиштето на [redacted]

Со почит,

[redacted]

Република Северна Македонија
Republic of North Macedonia
Општина Валандово
Mnicipality of Valandovo

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА ВАЛАНДОВО
Бр. 10 - 242/2
27.02.2020 год.
Валандово

Општина Валандово

ул.„Иво Лола Рибар" бб,
2460 Валандово,
Република Северна Македонија,
тел.: +389 (0)34 382-007
факс: +389(0)34 382-044
е-адреса:
valandovo@valandovo.gov.mk
www.valandovo.gov.mk

[redacted]

Арх. знак 1008
Рок на чување 5
27.02.2020 год.
Потпис

ПРЕДМЕТ: Одговор на барање за пристап до информации од јавен карактер

Во врска со Вашето барање по ЗСПИЈК од 19.02.2020 година Ви ги доставуваме бараните податоци

1. Општина Валандово нема изработено Програма за социјална заштита за 2019 година, но има изготвено Правилник за начин на остварување на правото на користење на средства во вид на еднократна парична помош ( во прилог)
2. Општина Валандово нема никакви програми, стратегии, правилници и одлуки за помош и поддршка на жтрви од семејно насилство во 2019 година.
3. Општина Валандово нема воспоставено специјализиран сервис за жени на жтрви од семејно насилство во 2019 година.
4. Општина Валандово во својот буџет има предвидено средства за социјална заштита и со нив помага на социјално загрозени граѓани. Доколку се јави потреба овде ќе бидат вклучени и жтрви од семејно насилство.

ОПШТИНА ВАЛАНДОВО
СЕКРЕТАР
Боро Киров

Изготвил: Соња Х. Јовановиќ

ПРИЛОГ:Правилник за начин на остварување на правото на користење на средства во вид на еднократна парична помош

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА ВАЛАНДОВО
Бр. 08-124/22
17-09 2019 год.
Валандово

Врз основа на член 11 од законот за социјална заштита („Службен весник на РМ“ бр. 104/19 и 146/19), член 22 став 1 точка 7 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/2002), член 21 став 1 точка 11 и член 15 став 1 точка 7 од Статутот на Општина Валандово, Советот на Општина Валандово на дваесет и петтата редовна седница одржана на 17.09.2019 година, донесе

## ПРАВИЛНИК
### за начинот на остварување на правото на користење на средства во вид на едократна парична помош и потребна документација за остварување на ова право

Член 1

Со овој Правилник се пропишува начинот на остварување на правото на еднократна парична помош и потребна документација за остварување на ова право.

Член 2

Барањето за остварување на правото на едократна парична помош се доставува до Градоначалникот на општина Валандово, преку Архивата на општина Валандово.

Разгледувањето на барањето од одредбата на став 1 на овој член, нивната обработка како и постапување по истите, го врши 5-члена Комисија, формирана од страна на Градоначалникот на Општина Валандово.

Врз основа на приложената документација, пропишана со овој Правилник, Записникот од извршениот увид за утврдување на постоење на социјален ризик, како и врз основа на својот наод и мислење и/или извршена проценка на штета, Комисијата доставува до Градоначалникот Предлог за доделување на средства во вид на еднократна парична помош.

Член 3

Подносителот на барањето за доделување на еднократна парична помош, заради добивање на помошта, за себе и за семејството приложува:

1. Фотокопија на важечка лична карта;
2. Фотокопија на извод од матичната книга на умрените, за починат член на семејството (доколку барањето се однесува за состојба на социјален ризик поради смрт);
3. Потврда од Агенцијата за вработување на Р.С.Македонија, за неврботени членови на семејството (доколу се работи за состојба од социјален ризик поради невработеност); и
4. Фотокопија од Трансакциска сметка;

Комисијата е дожна, од поднесителот на барањето да побара на увид во текот на постапката, оригинали за сите приложени фотокопии.

Недостатокот на некој од горенаведените документи, го исклучува барањето од можност за негова понатамошна обработка.

Член 4

Положбата од социјален ризик за утврдување на право на користење и на критериумите за доделување на средства во вид на еднократна парична помош се утврдува врз основа на следните документи:

1. Записник од надлежен орган за претрпена природна непогода (пожар, поплава, земјотрес);
2. Медицинска документација за подолготрајно лекување во странство и потреба од медицинска интервенција за член од семејството (конзилијарно мислење од соодветна Клиника за потребата од лекување во странство и решение од Фондот за здраствено осигурување за утврдената партиципација);

3. Медицинска документација за подолго лекување во здравствена установа (од матичен лекар, лекар-специјалист или отпусна листа);

4. Решение од надлежниот центар за социјална работа за видот и степенот на попреченост во менталниот и телесниот развој;

5. Потврда од Центарот за социјална работа дека лицето е евидентирано под некоја од следните категории лица: инвалиди, деца без родители и без родителска грижа, деца со пречки во телесниот и менталниот развој, децата на улица, децата со воспитно-социјални проблеми, децата од еднородителски семејства, лицата кои злоупотребуваат droги и алкохол, жртви на семејно насилство, жртви на трговија со луѓе, стари лица без семејна грижа и лица со друг вид на социјална исклученост.

Горенаведените документи ќе послужат за утврдување на приоритет при доделување на финансиски средства и недостаток на некој од нив не го исклучува барателот на социјална помош од постапка.

Член 5

Еднократна парична помош ќе се доделува на семејства кои настрадале од природна непогода (пожар, поплава, земјотрес).

Помошта во зависност од причинетата штета е од две категории:

- Прва категорија – 20 000,00 денари
- Втора категорија – 10 000,00 денари

Составен дел на барањето е записник од надлежен орган за претрпена природна непогода.

Член 6

Средствата предвидени во буџетот на годишно ниво за еднократна парична помош за лекување ќе се распределуваат според следните критериуми:

1. Лекување со оперативен зафат надвор од државата до 8 000,00 денари
2. Лекување надвор од државата до 6 000,00 денари
3. Лекување со оперативен зафат во државата до 4 000,00 денари
4. Лекување со соодветни испитувања до 3 000,00 денари

Составен дел на барањето е медицинската документација со која подносителот на барањето располага.

Правилникот важи за исклучително тешки болести кои го загрозуваат животот.

Средствата од став 1 на овој член може да се користат само еднаш во текот на една календарска година.

Член 7

Предност за користење на средствата согласно член 5 и 6 ќе имаат жители на општина Валандово.

Член 8

Правилникот влегува во сила од денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Валанадово"

Совет на Општина Валандово
Претседател
Владимир Марков

Дека преписот верен на оригиналот
Република Северна Македонија Општина Валандово
Овластен службеник

Република Северна Македонија
Republic of North Macedonia
**Општина Валандово**
**Municipality of Valandovo**

ЗАПИСНИК

За позитивен одговор на Барање по закон за слободен пристап до информации од јавен карактер

На 19.02..2020 година до Општина Валандово се обрати [redacted] со писмено барање по закон за слободен пристап до информации од јавен карактер. Во барањето се бараа податоци за **програми, стратегии, правилници и одлуки за помош и поддршка на жтрви од семејно насилство во** 2019 **година** во Општина Валандово.

На барањето се одговори позитивно и бараните податоци беа испратени на емаил на27.02.2020 година..

Со ова Општина Валандово постапи согласно ЗСПИЈК.

Валандово

27.02.2020 година

Записничар: Соња Х.Јовановиќ